**УДК 930.85:316.323.72-021.68(497.7)**

**Даворин Трпески (Македонија)**

# ПОЛИТИКИ ЗА РЕИНТЕРПРЕТИРАЊЕ НА МИНАТОТО ВО ПОСТСОЦИЈАЛИСТИЧКА МАКЕДОНИЈА

*Апстракт*: По падот на социјалистичкиот политички систем и по осамостојувањето на Македонија настапи период во кој минатото беше ставено на преиспитување. Голем дел од културното наследство и од артефактите кои во претходниот систем на одреден начин биле фаворизирани, во новонастанатата ситуација најчесто се запоставуваа со образложение дека биле во функција на партијата и на едноумието. Актуелните плуралистички идеологии и политички центри на моќ започнаа меѓусебна борба за контрола и за реинтерпретација на минатото, што директно или индиректно влијаеше врз дефинирањето, односно рефединирањето на националниот идентитет.

*Клучни зборови*: Македонија, социјализам, постсоцијализам, минато, партии, политика, левица, десница.

## I

Главна одлика на културното наследство е неговото минато. Всушност, секој артефакт, кој денес е класифициран како културно наследство, пред сѐ, располага со одредена меморија и има некое минато. Минатото и историјата на артефактите (кои се поврзуваат и со одредени значајни настани што се случиле низ историјата) можат да се следат од првичните записи кои подоцна, како резултат на истражувањата и на донесените заклучоци за нив, го добиваат статусот културно наследство. Токму првичните сознанија за артефактите, првите теоретизирања за нив и обидите за извлекување на информациите што тие ги носат со себе, а се поврзани со нивната историја, влегуваат во сферите на она што може да се нарече минато на артефактите или минато на културното наследство.

Вкупниот однос спрема минатото, секако, се одразува и на концепцијата за заштита на неговите материјални и нематеријални остатоци, кои најчесто и понатаму се разгледуваат како „објективни“ траги од минатите времиња, иако целата приказна за преиспитување на минатото започнала токму со анализите на сочуваните споменици и артефакти, односно со поставување на прашањата: што им значат сочуваните споменици и артефакти на луѓето во едно современо општество? Исто така, следното прашање е: зошто се прави деконструкција на митовите кои ги опкружувале и зошто има обиди за нивно разбирање? Што претставувале тие артефакти и споменици во своето време, односно за што служеле во културата во којашто настанале (Norra, 1996: 19-20)? Токму затоа особено важно место зазема методологијата којашто се употребува со цел да се одговори на прашањата што во себе ги

носат артефактите, односно како тие се разбрани од страна на нивните проучувачи, а исто така особено е значаен начинот на којшто се врши презентацијата на извлечената меморија од нив и на добиените заклучоци, што, секако, многу често се поврзува со идеологијата, но исто така и со актуелните општествени, политички и економски прилики на општеството. Впрочем, не секогаш одредени артефакти, кои се дел од некое минато, ги имаат истите значења во различни периоди. Многу често минатото, од страна на политичката моќ што го контролира, се користи при реализацијата на некои од целите коишто се зацртани. Според тоа може да се заклучи дека секое читање на минатото е крајно дискурзивно, па дури и најновото минато, а добар пример за тоа се читањата на едни исти историски случувања за време на социјализмот и сосема различното видување и толкување на истите тие настани по неговиот пад.

Исто така, во делот на т.н. научна јавност и понатаму постојат остатоци од уверувањето дека историјата е дадена еднаш засекогаш и е објективна (во смисла на фактот и во склад со објективноста што ја имаат природните науки). Па, има автори кои дури и смислуваат нови синтагми (Gavrilović, 2009: 41) или користат т.н. современа терминологија преку која историјата го преиспитува своето дисциплинарно минато и на тој начин успеале вербално да го преобликуваат своето уверување за „вистинитоста“ на историјата и така, барем на прв поглед, да го вклопат во нејзиното актуелно разбирање како дискурзивна дисциплина. Доколку таквата претстава на историјата сѐ уште постои и во просторот на научната заедница, јасно е дека идејата за нејзината објективност и непроменливост целосно е недопрена во јавниот дискурс (во обликувањето на таа претстава голема улога игра и образованието: историјата се предава исто како и математиката или како физиката без притоа да им се наговести на децата дека е можно различно толкување на фактите) (Gavrilović, 2009: 41).

Всушност, она што денес е одлика на светската историја за културното наследство е тоа што веќе се прават обиди за можно преиспитување на односот што постои спрема минатото, а со тоа и преиспитување на односот спрема артефактите при што идеологијата и политиката веќе се исклучуваат од влијанието што го имаат во тие сфери. Но, за истото тоа во некои од постсоцијалистичките земји во Европа, барем во јавниот дискурс, и понатаму често се забележува тоа што се инсистира на една апсолутна (политичка) контрола на минатото, која, всушност, на некој начин значи и контрола над сегашноста и над иднината (Gavrilović, 2009: 42). Токму поради тоа минатото е конципирано на премисите непроменливост и вечно траење, па како резултат на тоа предизвикува различни проблеми предизвикани од преклопување на основата на која е конструиран националниот, како државен идентитет, вклучувајќи ги и меѓународните / меѓудржавните недоразбирања и примирја (Gavrilović, 2009: 37). Во таа смисла, за актуелната, т.н. *интерпретација на минатото*, односно *интерпретација на културното наследство*, може да се каже дека претставува само една од коцките која е речиси целосно вклучена во рамките на мозаикот што служи за апликација на целосна моќ во општеството.

Според ова, културното наследство е од исклучително значење при конституирањето на државите. За тоа говори и фактот што терминот културно наследство неколку пати се спомнува и во македонскиот Устав, односно во неговата Преамбула (Устав, 2003: 29-30). Впрочем, во Република Македонија, конституирана веднаш по

Втората светска војна, набрзо биле формирани институции од кои се очекувало да работат на собирање, чување, анализирање и презентирање на културното наследство што, секако, требало да оди во корист на националниот идентитет на населението. И покрај тоа што претходно, пред формирањето на македонската држава, одредени артефакти и споменици биле третирани како културно наследство на други држави и народи, новите македонски институции му овозможиле на културното наследство пронајдено на територијата на Македонија да биде вклучено во приказната за заедничката историја на Македонците, а истовремено тие институции речиси и успеале да го исфрлат минатото значење на тоа културно наследство и да создадат и изградат целосно нова слика за него.

Во исто време, постојат обиди во кои соседните земји на Македонија и понатаму работат повторно да воспоставаат контрола над она што во Македонија се смета како македонско културно наследство. Значи државите под своја контрола го ставаат културното наследство кое се употребува за целите поврзани со градењето на нацијата или во поекстремната варијанта, со градењето на национализмот. Истовремено контролата над културното наследство подразбира и контрола над територијата во која тоа се наоѓа. На пример, несогласувањата што постојат помеѓу Република Грција и Република Македонија, пред сè, произлегуваат од тоа што и двете држави дел од својот идентитет го засноваат на античкото културно наследство. Исто така несогласувањата што ги имаат Република Бугарија и Република Македонија произлегуваат од тоа што и двете држави, во еден голем дел, својот идентитет го засноваат на културното наследство што потекнува од средновековниот период. Но, исто така, покрај ова, Бугарија и Македонија имаат спор и за поновата историја, од крајот на XIX и почетокот на XX век итн. Практично светот е цврсто поделен со државни граници како национални, но во теоријата тој се изедначува, односно заштитата на „нашето“ културно наследство во странство станува начин за воспоставување контрола над дел на територијата на друга држава (Gavrilović, 2009: 40).

## II

Во последниве стотина години на Балканот и во Македонија се случија промени на неколку општествени системи и секој од нив имал одредени посебности: турско - османлискиот, кој се одликувал со мошне силни феудални односи; српско - монархистичкиот и бугарско-монархистичкиот во кои не се признавало постоењето на македонскиот народ; социјалистичкиот, во кој за првпат се признати Македонците, но истовремено се вршел прогон на сите оние кои не се согласувале со идејата и со уредувањето на југословенската федерација за на крај да се дојде до она што денес се нарекува македонска демократија или општествено уредување кое сè уште транзитира и трага по модел кој ќе му овозможи опстанок, но и приклучок со евроатлантските системи (Trpeski, 2009: 97). Следствено на општествените промени, Македонија по четврти пат во последниве стотина години интензивно „работи“ на промените на своето минато и на измените на сопствената историја. До пред шеесетина години тоа било правено против сопствената волја и под директен диктат на тие коишто ја владееле земјата. Во периодот по осамостојувањето на земјата, „таа самата интервенираше“ на своето минато притоа отфрлувајќи некои делови

од својата култура или одново напишувајќи ги, но со други зборови, како и одрекувајќи дел од сопствената историја или припишувајќи си нешто што е ново и кое директно или индиректно имплицира на идентитетот.

Впрочем, еден дел од историјата, кој како резултат на претходната идеологија беше непопуларен или „зафрлен", во годините по осамостојувањето на Македонија доби значење, но истовремено и особено важно место во македонската историја. Така со настапувањето на некои од формите на европскиот и на светскиот либерализам, но и со сè позасилените форми на постјугословенските национални идеологии во Македонија, започна и процесот на промена на ставовите и на рушење на веќе постоечката југословенска историја и полека се настапуваше кон нејзино ревидирање, па и дури кон нејзино значително видоизменување. Имено, се случи т.н. *национализација на историјата*[1] и на историските ликови во чиишто рамки беше зафатен и значаен дел од културното наследство на Македонија, пред сè, она наследство за коешто „до вчера" се пишуваше и кое се третираше сосема поинаку. Така, на пример, од денешна перспектива, доколку се направи еден пресек на состојбите во Македонија по осамостојувањето, може да се забележи дека постојат две позначајни истории, кои се исти по својот модел, но се различни по содржината и по идеите. Едната албанска, а другата македонска.[2] Двете истории се крајно спротивставени, па дури многу често се судираат за „сопственоста" на некои од историските личности коишто имале некакво влијание и дејствувале на просторот на

1 Според некои од авторите (Verdery, 1991; Ramet, 1992), проучувачи на социјализмот, национализмот во поранешните социјалистички земји не започнува по падот на социјализмот, туку постои цело време, од основањето на социјалистичките држави. Впрочем, национализмот перманентно се негува за време на социјализмот, а во прилог на тоа оди и фактот дека брзо по формирањето на македонската држава, во 1948 година, се пренесуваат моштите на Гоце Делчев, од Бугарија во Македонија, како еден од најзначајни претставници на македонското национално движење во почетокот на XX век; понатаму, во 1948 година, исто така, се формира Научниот институт за национална историја (денес: Институт за национална историја) во Скопје, кој имал за цел да ја проучува националната и културната историја на македонскиот народ; потоа формирањето на Македонската православна црква во 1967 година, со дозвола на Партијата, исто така, оди во прилог на оваа теза. Секако, вакви или слични примери имало и останатите југословенски социјалистички републики и претставувале основа за она што ќе случува подоцна, за време на меѓуетничките и меѓуверските воени конфликти на територијата на поранешна СФР Југославија. Исто така, истражувањата коишто ги спроведувал антрополог Кит Браун (Keith Brown) во Македонија, како гостин на Институтот за национална историја во Скопје, го заклучил истото, дека национализмот постоел и за време на социјалистичкиот режим. Дури и собирањето податоци и интересирањето за историјата на историјата била првичната причина за напнатоста што се јавила меѓу него и вработените во институтот (Браун, 2003: 210)

2 По публикувањето на изданието на МАНУ, „Македонска енциклопедија" во 2009 година, имаше брза реакција и од страна на македонската јавност, но, посебно место заземаше реакцијата на албанските политички партии и на албанските организации во Македонија, а се однесуваше на теоријата за потеклото на Албанците која беше вметната во енциклопедијата. Тоа, донекаде резултираше и со објавување на друга енциклопедија насловена како „Албанска Македонија", која, всушност, претставуваше и одговор на енциклопедијата на МАНУ. Според составувачот на првиот том од енциклопедијата „Албанска Македонија", Нијази Мухамеди, целта на енциклопедијата е да го прикаже трајното и непрекинато присуство на Албанците во географската област што се вика Македонија. Според авторот, со енциклопедијата се отвора прашањето за тоа чија е древна Македонија, или чиј е Александар Велики - грчки или албански? (Утрински весник, 2009). За македонско – албанските односи во (Rossos, 2008: 278-281).

Македонија, а меѓу нив, како најпознати, и кои би требало да се издвојат се: Александар Македонски,[3] Мајка Тереза[4] и Ѓерѓ Кастриоти - Скендербег.[5]

Но, покрај ова, може да се каже дека и во делот на македонската историја исто така постојат две спротивставени истории,[6] едната е левичарска, а другата е десничарска. Ако во периодот на социјализмот левичарската историја беше фаворизирана и го имаше приматот, во периодот кој следеше, нејзиното место полека, но сигурно, беше заземано од десничарската историја. Најголемиот дел од оние историски личности кои во периодот на социјализмот на одреден начин беа „анатемисани“ од страна на партијата и на режимот сега беа или рехабилитирани или за нив се водеше, односно сè уште се води политичка војна за нивна рехабилитација. Исто така многу често се посегнува дури и до изменување на историјата и до нејзино претставување според видувањата на одредени центри на моќ.[7] За разлика од десничарската историја, која е во подем, левичарската историја, од друга страна, е ставена во ситуација дури и срамежливо да се брани од обвинувањата дека не била објективна во однос на одредени историски настани. Но, истовремено таа не е во можност да понуди некој рамноправен одговор на некои од радикалните форми на напад што ги користи националната историја.

---

3 Ликот на Александар Македонски од аспект на македонската историографија се третира како наследство на Македонија и на македонскиот народ. И покрај тоа што Владата на Македонија (ВМРО – ДПМНЕ и коалиционите македонски партии) официјално не се произнесла околу тоа, сепак, потајно, заедно со градот Скопје, на плоштадот Македонија, има за цел да постави споменик на Александар Македонски. Од друга страна, за албанската историографија Александар Македонски е Илир, а Албанците се директни потомци на Илирите. Според тоа, тие треба да го имаат правото да располагаат со целосниот капитал кој што го носи со себе ликот на Александар Македонски. Покрај ова, за Албанци се сметаат и Свети Наум Охридски, а исто така, албански бил манастирот Св. Јован Бигорски (Нова Македонија, 2009).

4 Мајка Тереза денес претставува инспирација за формирање мноштво форуми на интернет, на кои што се водат жолчни расправи за нејзиното потекло, при што според едни таа е Албанка, за други е Влаинка, а за трети е Македонка (Багра, 2010). Во прилог на ова оди и фактот дека Владата на Република Македонија ја финансираше изградбата на спомен куќата на Мајка Тереза која се наоѓа во центарот на Скопје.

5 Според албанската историографија Скендербег е албански јунак, но изјавите на некои македонски историографи, писатели и истражувачи на историјата, Скендербег е Македонец, па за некои од нив (Петар Попоски и Петар Башески) вистинското име му е Ѓорѓија Кастриот (А1, 2006). Исто така, кон ова се приклучуваат и други реномирани истражувачи, како на пример проф. д-р Љубица Басотова и проф. д-р Весна Димовска Јањатова, кои работеле на превод на книга за Скендербег од латински на македонски јазик. Според нив, во еден дел од книгата се спомнало и потеклото на Скендербег, при што било спомнато името Ематија, име кое според историчарот Јустин е најстарото име кое се однесува на Македонија. Оттука, проф. Љубица Басотова го извлекува и заклучокот дека „неспорно е македонското и христијанското потекло на Георгија Искендер“ (Вечер, 2008).

6 Кит Браун, исто така, наведува дека постојат спротивставени гледишта во македонската историја. Така, тој наведува дека доколку едните се сметаат за наследници на Александар Велики, другите на тоа гледаат како на голем апсурд (Brown, 2003:51). Бранислав Саркањац го наведува српскиот пример за двете истории, но притоа нагласува дека во Македонија нема таков случај (Саркањац, 2001: 57).

7 Во контекст на ова, во Прилеп, по повод одбележувањето на 50 - годишнината од смртта на првиот претседател на Президиумот на АСНОМ, Методија Андонов – Ченто, беше избришана петокраката од неговата капата. Всушност, целиот град беше излепен со фотографии на Ченто, но без препознатливата петокрака на неговата „титовка“, на што имаше реакции од страна на боречката организација на Прилеп, но, реакции имаше и од страна на родните и пријателите на Методија Андонов – Ченто (Вест, 2007).

Секако, „војната“ помеѓу левицата и десницата (Rossos, 2008: 118) претставува еден историски спор кој постои подолго време и можеби се рефлектира уште од периодот на формирањето на Внатрешната македонска револуционерна организација. Но, недоразбирањата стануваат позабележителни со поделбите внатре во Организацијата кога се случува идеолошката поделба на левица (централисти) и десница (врховисти) (Катарџиев, 2000: 400). Подоцна, откако во организацијата победува десното крило (Rossos, 2008: 95), левицата во Виена ја формира ВМРО (обединета) на чело со Димитар Влахов и Димо Хаџи Димов (Brown, 2003: 43; Rossos, 2008: 132, 160-177). Оваа Организација подоцна, во периодот меѓу двете светски војни, речиси целосно се стопува во комунистичките партии коишто дејствувале на просторот на Балканот, а подоцна, за време на Втората светска војна, нејзините членови се вклучуваат во партизанското движење кое прераснува во сериозен организиран отпор против фашистичкиот окупатор (Катарџиев, 2000: 394; Rossos, 2008: 180). Тоа е веќе период кога настанало ново идеолошко пресметување и кога се случувале прогони на оние кои се залагале за национална држава на Македонците надвор од федерацијата на останатите југословенски народи. Но, карактеристично е тоа што бил прифатен делот кој се однесувал на ВМРО, на т.н. социјалисти од илинденскиот период и од Крушевската Република (Brown, 2003: 3).

По падот на социјализмот, во Македонија, дојде до укинување на наднационалната идеолошка матрица и до прифаќање на националната со што се наметна и прашањето за препрочитување и за ревидирање на историјата. Така, меѓу другото, луѓе кои не беа од фелата на историчарите се обидоа да ги напишат и ги напишаа своите погледи кон одделни историски проблеми. Секако од голема важност беше тие да бидат во спротивност со историјата на довчерашната идеологија. Станува збор за едно симптоматично национализирање на историјата, но придружено со обиди историјата да биде контролирана од политиката и од политичките партии. Од една страна, едноставно борбата за контрола може да се сведе на обична меѓупартиска борба за власт, а која притоа може да се повикува на „научноста“ на историјата. (Саркањац, 2001: 57).

Покрај тоа што постоеше внатрешен судир меѓу албанската и македонската идеологија, како и на двете македонски идеологии, обиди за изменување на историјата во Македонија имаше и од страна на меѓународните фактори. Всушност идејата беше да се направи измена на националната историја на балканските народи и да се направи заедничка историја којашто ќе биде ослободена од секакви стереотипи и од можности за понатамошна појава на конфликтни ситуации на Балканот. Но, ваквата историја внесуваше значителна доза на незадоволство од страна на националните структури во балканските држави (Утрински весник, 2007). Впрочем, критичкиот пристап, којшто во западноевропските или во северноамериканските земји е нешто што е вообичаено за научните општествени расправи, не претставува стандард за македонската и за балканската историографија. Напротив, историјата постојано се реинтерпретира за да се вклопи во актуелната политичка агенда (Рудометоф, 2003: 21-22).

Бернард Кон (Cohn, 1998: 6; Браун, 2003: 2010), споредувајќи ги дисциплините, вели дека, условно кажано, истражувањето во историјата се базира на создавање податоци. Исто така, впрегната во служба на интересите или целите на нацијата, историјата, која самата по себе е еден вештачки и крајно реификуван ентитет,

станува стока со употребна вредност. Љубоморно се држи во сопственост, а мора да се пушти во циркулација за да ѝ порасне и да ѝ се реализира вредноста. Токму овој парадокс меѓу исклучивоста и вклучителноста лежи во срцето на поимот „нација“.

## III

Токму од горенаведените причини, минатото, односно артефактите, или *местата на меморијата / на сеќавањата* (*lieux de mémoire*), како што ги нарекува Пјер Нора (Norra, 1996:14), претставуваат мошне комплексни работи. Тие одеднаш се и природни и вештачки, едноставни се и двосмислени, конкретни и апстрактни, и во исто време можат да бидат споменици, локалитети и предмети. Исто така тие секогаш имаат три состојби: материјална, симболичка и функционална, кои секогаш се во заемен однос и коегзистираат. Местата на меморијата станаа особено важни поради тоа што тие претставуваат огромни *фондови на меморијата*, коишто луѓето перманентно ги користеле и затоа веќе се истрошени, па како резултат на тоа денес тие во одредени општества повторно се актуелни како резултат на обидите да се направи реконструкција на историјата. Впрочем старата политичка и интелектуална рамка била изградена токму врз тогашните истражувања за целите на тогашното општество, но сега поради новите политички дискурси истата таа рамка е загрозена и веќе се наоѓа во бунило (Norra, 1996:14). Така, како резултат на промените, на најразличните тврдења кои се однесуваат за едни исти споменици, локалитети и предмети и како резултат на најразличните толкувања што се поврзани со нивната историја и со нивното значење, денес местата на меморијата претставуваат хибридни места, односно мутанти во вистинска смисла на зборот, мешаница меѓу животот и смртта, на временското и на вечното, бескрајни кругови на колективното и на индивидуалното, едноставни и еднолични од една, а свети од друга страна (Norra, 1996:15). Накратко, артефактите и минатото се цел на најразлични своевидни „Божји потфати“ и личат на вежби за некаква носталгија, тажни се и безживотни. Тие безмилосно од страна на политичките центри на моќ се вклучувани во ритуалите на „безритуалното“ современо општество.

## Користена литература

A1 (2006): *Иницијатива за нов споменик на Скендербег во Прилеп*, ТВ А1, 01.10.2006, http://www.a1.com.mk/vesti/default.aspx?VestID=68422, Последен пат посетена на 12.02.2009.

Багра (2010): „Чија е Мајка Тереза“, http://bagra.org/node/1013, Последен пат посетен на 22.01.2010.

Браун, С. Кит (2003): „Востание на кое треба да се смета: Илинден меѓу политиката и историјата во постјугословенска Македонија“, во: Виктор Рудометоф (ур.), *Македонското прашање: култура, историографија, политика*, ЕвроБалкан, Скопје, 197-240.

Brown, Keith (2003): *The past in question: Modern Macedonia and the uncertainties of nation,* Princeton University Press, Princeton and Oxford.

Вест (2007): *Избришана петокраката од капата на Ченто*, Вест, бр. 2137, 8.03.2007, http://star.vest.com.mk/default.asp?id=138891&idg=7&idb=2137&rubrika =Makedonija, Последен пат посетена на 22.01.2010.

Вечер (2008): *Скендербег по современикот Барлети*, Вечер, бр. 13730, 19.02.2008, http://www.vecer.com.mk/?ItemID=5AF08A233D32BA4F8CB7D0E3 66011500, Последен пат посетена на 22.01.2010.

Verdery, Katherine (1991): *National ideology under socialism: Identity and cultural politics in Ceausescu's Romania*, University of Califormia Press, London.

Gavrilović, Liljana (2009): "Kulturno nasleđe u inostranstvu", *Етноантрополошки проблеми* н.с. год. 4. св.3, Београд, 31-45.

Катарџиев, Иван (2000): *Историја на македонскиот народ*, Том 4, ИНИ, Скопје.

Нова Македонија (2009): *Каде се дебатите?,* Нова Македонија, 11.11.2009, бр. 21834.

Norra, Pierre (1996): "General introduction: Between memory and history" во: Pierre Norra (ed.), *Realms of memory. The construction of the French past*, Columbia University Press, New York, 1-20.

Ramet, Pedro Sabrina (1992): *Nationalism and Federalism in Yugoslavia 1962-1991*, Second edition, Indiana University Press, Bloomington and Indianopolis.

Rossos, Andrew (2008): *Macedonia and the Macedonians*, Hoover Institution Press, Stanford.

Рудометоф*,* Виктор (2003): „Културата, идентитетот и македонското прашање: Вовед", во: Виктор Рудометоф (ур.), *Македонското прашање: култура, историографија, политика*, ЕвроБалкан, Скопје, 1-34.

Саркањац, Бранислав (2001): *Македонскиот катахрезис*, Скопје.

Trpeski, Davorin (2009): „Monuments in the post-socialist period: examples from the city – hero in Macedonia", *EthnoAnthropoZoom*, 6, Journal of the Institute of ethnology and anthropology, Skopje, 96-111.

Устав (2003): *Устав на Република Македонија со амандманите на Уставот I-XVIII*, ЈП Службен весник на Република Македонија, Скопје.

Утрински весник (2009): *„Албанската Македонија" пандан на Македонската енциклопедија*, Утрински весник, 30.12.2009, бр.3073.

Утрински весник (2007): *Учебникот за заедничка балканска историја предизвика хистерија во Грција*, Утрински весник, бр. 2315, 21.02.2007, http://www.utrinski.com.mk/?ItemID =FCD08F44B375FD4380FFC3BF6333CF14, Последен пат посетена на 10.03.2010.

Cohn, S. Bernard (1998): *An anthropologist among the historians and other essays*, Oxford and New York, Oxford University Press, 1-17.